ЗАКОНОДАВНО-ПРАВНА КОМИСИЈА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1191.

По извршеното срамнување со изворниот текст Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија, утврди дека во текстот на Законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик („Службен весник на Република Македонија“ број 27/14), се направени грешки поради што се дава

И С П Р А В К А
НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА КРИВИЧНИОТ ЗАКОНИК

Во членот 1, став 1 во заградата наместо сврзникот „и“ треба да стои запирка, а по броевите „82/13“ треба да стои сврзникот „и“ и броевите „14/14“.

Во членот 87 наместо бројот „223“ треба да стои бројот „233“.

Бр. 10-1125/2 Од Законодавно-правната
26 февруари 2014 година комисија на Собранието
Скопје на Република Македонија

_____

1192.

По извршеното срамнување со изворниот текст Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија, утврди дека во текстот на Законот за изменување на Кривичниот законик („Службен весник на Република Македонија“ број 28/14), се направени грешки поради што се дава

И С П Р А В К А
НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА КРИВИЧНИОТ ЗАКОНИК

Во членот 1, став 1 во заградата наместо сврзникот „и“ треба да стои запирка, а по броевите „82/13“ треба да стојат броевите „14/14 и 27/14“.

Бр. 10-1125/3 Од Законодавно-правната
26 февруари 2014 година комисија на Собранието
Скопје на Република Македонија

МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

1193.

Врз основа на член 56-а став (3) од Законот за возила („Службен весник на Република Македонија“ број 140/08, 53/11, 123/12, 70/13 и 164/13), министерот за внатрешни работи донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗА ДОБИВАЊЕ НА ОВЛАСТУВАЊЕ ЗА ВРШЕЊЕ НА РАБОТИ НА ТЕХНИЧКИ СЛУЖБИ ЗА ЕДИНЕЧНО ОДОБРУВАЊЕ НА ВОЗИЛА ЗА ПРЕВОЗ НА ОПАСНИ МАТЕРИИ И ПОТРЕБНАТА ПРИДРУЖНА ДОКУМЕНТАЦИЈА

Член 1

Во Правилникот за формата и содржината на барањето за добивање на овластување за вршење на работи на технички служби за единечно одобрување на возила за превоз на опасни материи и потребната придружна документација („Службен весник на Република Македонија“ бр.13/13), Прилогот се заменува со нов Прилог, кој е составен дел на овој правилник.

Член 2

Во членот 3 точката 5 се менува и гласи:

„5. Известување од Фондот за пензиското и инвалидското осигурување на Македонија за вработениот стручен кадар кај правното лице“.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 12.1-14878/1 Министер
20 февруари 2014 година за внатрешни работи,
Скопје м-р **Гордана Јанкулоска,** с.р.